АФПЗРР www.ipardpa.gov.mk **АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ**

## Потпишан меморандум за соработка помеѓу платежните агенции на Република Македонија и Босна и Херцеговина



Во функција на унапредување и продлабочување на соработката во областа на финансиската поддршка во земјоделството и руралниот развој, директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој на Република Македонија, г-дин Тони Димовски и директорот на Канцеларијата за хармонизација, координација на системот за плаќања во земјоделството,храната и руралниот развој на Босна и Херцеговина г-дин Хамдија Чивиќ, денеска склучија меморандум за соработка во процесот за пристапување кон Европската Унија.



За време на дводневната посета на делегацијата од Босна и Херцеговина, претставници од Агенцијата го споделија искуството од превземените активности во однос на акредитацискиот процес односно стекнување на правото на користење на средствата од ЕУ за рурален развој.

Во рамки на склучената спогодба, директорите изразија подготвеност за натамошно посеопфатно продлабочување на билатералната соработка помеѓу двете агенции во областа на имплементација на мерките за директни плаќања во земјоделството и мерките од ИПАРД Програмата, со главна цел размена на знаења и искуства во делот на користењето на претпристапните фондови за рурален развој од ЕУ што би овозможило остварување на поуспешна интеграција во ЕУ.



Покрај размена на информации и искуства, воспоставувањето на соработката ќе се одвива и преку организирање на заеднички состаноци, конференции, семинари за управување со фондовите на ЕУ преку ангажирање на стручни вработени лица од двете Агенции и размена на советодавни едукации и консултации на стручни лица од една Агенција за вработените лица во друга Агенција.

Имајќи во предвид дека споделувањето на знаења и искуства од претпристапниот и пристапниот процес кон ЕУ се оценува како исклучително важна и добра пракса за земјите кои ги користат средствата од претпристапните фондови на ЕУ како што е Република Македонија, Агенцијата ќе продолжи во негување и зајакнување на добрите односи со платежните агенции во регионот и пошироко.